Врз основа на член 139 став (4) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА НА ОТВОРАЊЕТО НА ПОНУДИТЕ И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЗАПИСНИК ЗА ОТВОРАЊЕТО НА ПОНУДИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката на отворањето на понудите и образецот за водење на записник за отворањето на понудите.

Член 2

Постапката на отворањето на понудите се врши комисиски.

Член 3

Постапката на отворањето на понудите започнува на место и во време определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите.

Доколку денот определен како краен рок за поднесување на понудите е неработен, отворањето на понудите се одржува следниот работен ден во утврденото време и место.

Член 4

На јавното отворање на понудите може да присуствува секое заинтересирано лице.

Само овластените претставници на понудувачите можат да учествуваат во постапката на јавно отворање на понудите со давање на свои забелешки во записникот од отворањето на понудите.

Член 5

Комисијата го утврдува вкупниот број на примените понуди и истиот го внесува во записникот од отворањето на понудите.

Комисијата ги евидентира овластените претставници на понудувачите со нивно предавање на писмено овластување од соодветниот понудувач и составува евидентен лист за присуството на кој секој овластен претставник го забележува своето име и презиме, назив на понудувачот и се потпишува.

Комисијата го утврдува бројот на измени, замени и повлекувања на понудите и истиот го внесува во записникот од отворањето на понудите.

Секоја понуда, нејзина измена, замена или повлекување која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите се прогласува за задоцнета и му се враќа на понудувачот неотворена.

Комисијата го утврдува бројот на задоцнети понуди, измени, замени или повлекувања и истиот го внесува во записникот од отворањето на понудите.

Член 6

При отворањето на понудите, најпрво се отвораат ковертите за измена, замена или повлекување на понудите и податоците за истите се внесуваат во записникот од отворањето на понудите.

Член 7

Комисијата ги отвора ковертите во коишто се понудите според редоследот на нивниот прием кај договорниот орган, еден по еден, при што утврдува дали понудата е со пропишаниот рок на важност и дали се доставени бараните гаранции и податоците за истите се внесуваат во записникот од отворањето на понудите.

Член 8

Комисијата пристапува кон читање на понудите по истиот редослед утврден во членот 6 од овој правилник, на тој начин што ќе се прочитаат елементите на понудата утврдени во член 136 ставови (5) и (6) од Законот за јавните набавки.

Член 9

По читањето на понудите, овластените претставници на понудувачите можат да дадат забелешки во врска со понудите или со постапката на јавно отворање на понудите.

Комисијата ги внесува дадените забелешки на овластените претставници на понудувачите во записникот од отворањето на понудите.

Член 10

За отворањето на понудите се води записник.

Записникот од отворањето на понудите се води на образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 11

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за постапката на отворањето на понудите кај отворениот повик и ограничениот повик и за образецот за водење на записник за отворањето на понудите („Службен весник на Република Македонија" број 50/04 и 10/05).

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година.

Бр. 23-48777/1
19 декември 2007 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески**, с.р.

ПРИЛОГ

**Образец на записник од отворањето на понудите**

**Договорен орган: ___________________________**
**Предмет на договорот:___________________________**
**Број на огласот:____________**

1. Датум, време и место на отворањето на понудите: ___________.
2. Членови на комисијата за јавна набавка:
   - ___________________
   - ___________________
   - ___________________
   - ___________________.
3. Овластените претставници на понудувачите се наведени во евидентниот лист во прилог.
4. Вкупен број на примени понуди: ____.
5. Коверти за повлекување на понуда со име на понудувачите: _____.
6. Коверти за измена или замена на понуда со име на понудувачите: ____________.
7. Број на задоцнети понуди, нивни измени, замени или повлекувања _____.
8. Податоци за елементите на понудите кои се читаат на јавното отворање се дадени во табелата во прилог.
9. Забелешки на овластените претставници на понудувачите:
   ________________________________________________________
   ________________________________________________________
   ________________________________________________________.

Записникот е изработен на _______________ година.

Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:
______________________
______________________
______________________
______________________

## Табела со податоци за елементите на понудите кои се читаат на отворањето на понудите

**Договорен орган: ______________________________**
**Предмет на договорот:__________________________**
**Број на огласот:___________**
**Датум на отворањето на понудите: ______________**

| Опис | Понудувач 1 | Понудувач 2 | Понудувач 3 | Понудувач ... |
|---|---|---|---|---|
| **Назив на понудувачот** | | | | |
| Понудата е примена во рок | | | | |
| Надворешниот коверт е затворен | | | | |
| Надворешниот коверт има ознака „не отворај“ | | | | |
| Повлекување на понуда | | | | |
| Измена или замена на понуда | | | | |
| Понудата е доставена во оригинал и онолку копии колку што се барале во тендерската документација | | | | |
| Рок на важност на понудата | | | | |
| Валута на понудата | | | | |
| Вкупна цена (без ДДВ) | | | | |
| Гаранција на понудата | | | | |
| Износ на гаранцијата на понудата | | | | |
| Други податоци што се читаат согласно со тендерската документација | | | | |

Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:

______________________
______________________
______________________
______________________

## Евидентен лист на овластени претставници на понудувачите

**Договорен орган: ________________________**
**Предмет на договорот:_________________________**
**Број на огласот:___________**
**Датум на отворањето на понудите: ______________**

| Бр. | Име и презиме на овластениот претставник | Назив на понудувачот | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| … | | | |

Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:

_____________________
_____________________
_____________________
_____________________

**Упатство**
**за пополнување на образецот на записник од отворањето на понудите**

*Записник од отворањето на понудите*

- Во точка 1 од образецот се внесува датумот, времето и местото на отворање на понудите.
- Во точка 2 од образецот се внесуваат името и презимето на членовите на комисијата за јавна набавка кои ја спровеле постапката за отворање на понудите.
- Точката 3 останува непроменета како што е дадена во образецот на записникот. Доколку е предвидено спроведување на електронска аукција, и согласно законот отворањето на понудите не е јавно, оваа точка се брише.
- Во точка 4 се внеува вкупниот број на примени понуди, вклучувајќи ги задоцнетите понуди и ковертите за измена, замена и повлекување на понудите.
- Во точка 5 се наведува со „да" или „не" дали има пристигнато коверти за повлекување на понуда. Доколку има пристигнато коверти за повлекување на понуда, се наведува и името на понудувачите кои ги доставиле ваквите коверти, откако истите ќе се отворат.
- Во точка 6 се наведува со „да" или „не" дали има пристигнато коверти за измена или замена на понуда. Доколку има пристигнато коверти за измена или замена на понуда, се наведува и името на понудувачите кои ги доставиле ваквите коверти, откако истите ќе се отворат.
- Во точка 7 се наведува бројот на задоцнети понуди.
- Точката 8 останува непроменета како што е дадена во образецот на записникот.
- Во точка 9 се внесуваат евентуалните забелешки на овластените претставници на понудувачите. Доколку е предвидено спроведување на електронска аукција, и согласно законот отворањето на понудите не е јавно, оваа точка се брише.
- На крајот од записникот се внесува датумот на кој е изработен записникот од отворањето на понудите и се потпишуваат сите членови на комисијата за јавна набавка кои учествувале на отворањето на понудите.

*Табела со податоци за елементите на понудите кои се читаат на јавното отворање*

- Во табелата се внесуваат податоци за елементите кои се прочитани во текот на отворањето на понудите за секоја понуда поединечно и таа претставува составен дел на записникот.
- Во првата колона се дава опис на податокот кој е прочитан на јавното отворање за секоја понуда поединечно. При изготвување на табелата комисијата треба да ја прилагоди табелата во зависност од специфичноста на предметот на договорот за јавна набавка и елементите кои се читаат при отворањето на понудата. Оние полиња кои не се применливи за конретната постапка (на

пример доколку не се бара гаранција на понудата), комисијата треба да ги избрише или да не ги пополнува, а доколку договорниот орган во тендерската документација предвидел читање и на други елементи од понудите согласно со член 136 став 6 од Законот за јавните набавки, комисијата треба да ги внесе овие елементи како нови редови во првата колона. Доколку бројот на понудувачи е поголем од бројот на колони во табелата, комисијата треба да додаде онолку колони колку што има понудувачи или да пополни нов лист со истата табела.

- Во останатите колони од табелата се внесуваат податоци за елементите на понудите според редоследот на читањето на понудите. При тоа, најпрво се внесуваат понудувачите кои доставиле коверт со ознака „измена, „замена“ или “повлекување“ на понуда.
- Во вториот ред се внесуваат називите на понудувачите.
- Во третиот ред од табелата со „да“ или „не“ се утврдува дали понудата е навремена, односно поднесена во рокот утврден како краен рок за поднесување на понудата. Доколку понудата не е поднесена во овој рок (односно во случај на задоцнета понуда) останатите полиња за таа понуда не се пополнуваат.
- Во четвртиот ред со „да“ или „не“ се утврдува дали понудата е доставена во затворен надворешен коверт.
- Во петтиот ред со „да“ или „не“ се утврдува дали надворешниот коверт во кој е доставен ковертот со понудата има ознака „не отворај“.
- Во шесттиот ред со „да“ или „не“ се утврдува дали за понудата е доставен коверт со ознака „повлекување“. Доколку е доставен коверт за повлекување на понудата, наредните полиња за таа понуда не се пополнуваат.
- Во седмиот ред со „да“ или „не“ се утврдува дали за понудата е доставен коверт со ознака „измена“ или „замена“. Доколку е доставен коверт со ознака „измена“, во табелата се внесуваат новите елементи од измената на понудата, додека оние елементи кои остануваат неизменети се внесуваат од првичната понуда. Доколку е доставен коверт со ознака „замена“, во табелата се внесуваат елементите од заменетата понуда.
- Во осмиот ред со „да“ или „не“ се утврдува дали понудата е доставена во оригинал и онолку копии колку што барал договорниот орган во тендерската документација.
- Во деветтиот ред се внесува рокот на важност на понудата.
- Во десеттиот ред се внесува валута во која е искажана цената на понудата.
- Во единаесеттиот ред се внесува вкупната цена на понудата во која се вклучени сите давачки, без ДДВ. Во случај на договор за јавна набавка кој е деллив, комисијата додава онолку редови колку што има делови договорот за јавна набавка, при што за секој дел ја внесува вкупната цена на понудата.
- Во дванаесеттиот ред со „да“ или „не“ се утврдува дали понудувачот доставил гаранција на понудата. Доколку во

тендерската документација договорниот орган не барал гаранција на понуда, комисијата го брише овој ред.
- Во тринаесеттиот ред се наведува износот на гаранцијата на понудата. Доколку во тендерската документација договорниот орган не барал гаранција на понуда, комисијата го брише овој ред.
- Доколку во тендерската документација договорниот орган навел дека на отворањето на понудите ќе се читаат и други елементи на понудата, комисијата додава соодветни полиња за оние елементи кои се прочитале на отворањето на понудите.

*Евидентен лист на овластени претставници на понудувачите*
- Во евидентиот лист се внесуваат имињата на сите овластени претставници на понудувачите кои учествувале во постапката на отворање на понудите. Секој овластен претставник го потврдува своето присуство со потпишување на евидентниот лист.
- Комисијата додава нови полиња за внесување на овластените претставници од понудувачите во зависност од бројот на овластени претставници кои учествувале во постапката на отворање на понудите.
- Доколку е предвидено спроведување на електронска аукција, и согласно законот отворањето на понудите не е јавно, евидентниот лист не се користи.